**Прилог: број 3**

**Одговор**

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Капетанот на капетанијата на пристаништата, преку министерот на Министерството за транспорт и врски на ден 23.01.2013 година, архивски бр. 02-25426/2, достави забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност во управувањето во областа на внатрешната пловидба на Република Македонија„ заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-160/1 од 24.01.2013 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката доставена на **точката 1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на тоа дека пристаништата, зимовниците и сидриштата во РМ не се дадени на управување на правни лица или на концесија **претставува известување** односно дополнителна информација која ќе биде обелоденета во точката 1.1., од Конечниот извештај, со следниот пасус: „Во забелешките на Нацрт извештајот, Капетанот на капетанијата истакна дека од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, донесено е Решение бр.11-7840/2 од 04.10.2012 година за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина од март 2012 година. Универзитетот Св.Кирил и Методиј – Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии, извршил ревизија на Основниот проект за реконструкција и санација на Градското пристаниште во Охрид. По целосно реализирање на овие проекти ќе се создадат услови за имплементација на Законот за внатрешна пловидба.„

2. На забелешката на **точката 1.3.** која се однесува на не донесениот акт за определување на надоместок, Капетанот на капетанијата на пристаништата **известува** дека имајќи ги во предвид утврдените состојби од ревизијата во точката 1.2. алинеја 2 и 3 , не се создадени услови за донесување на акт од страна на Владата на Република Македонија за определување на висината на надоместокот.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________

*2.* ____________________ ________________________

*3.* ____________________